МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 97-б ставови (4) и (11) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13 и 79/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ВО ШУМАРСТВОТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместокот за издавање на лиценцата за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост, формата и содржината на барањето за издавање на лиценцата, формата и содржината на образецот на лиценцата како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лиценци за вршење на стручни работи во шумарството.

## Член 2

Висината на надоместокот за издавање на лиценцата за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост изнесува 6.000,00 денари.

## Член 3

(1) Барањето за издавање на лиценца се печати на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

(1) Лиценца за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост се печати на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на лиценцата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

(1) Регистарот на лиценци за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост е во форма на книга со тврди корици во А4 формат кој содржи евиденциски листови кои се нумерирани.

(2) Формата и содржината на регистарот од став (1) на овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Регистарот од став (1) на овој член се води во електронска и пишана форма.

**Член 6**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на издавање на лиценца за изведување на стручни работи од областа на шумарството, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на лиценца, формата и содржината на образецот на лиценцата, формата, содржината и начинот на водење на регистар за издадени лиценци и висината на надоместокот за нејзино издавање („Службен весник на Република Македонија" бр.75/10).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-16046/3 Министер
за земјоделство,

12 јуни 2013 година шумарство
и водостопанство,

Скопје Љупчо
Димовски, с

**ПРИЛОГ 1**

**До: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ**
**(за правно лице/за физичко лице)**

Назив на правното лице/Име и презиме на физичкото лице:

______________________________________________________________

Адреса (улица, број, град, општина):

______________________________________________________________

Име и презиме на управителот (за правно лице):

______________________________________________________________

ЕМБ/ЕМБГ:______________________ Шифра на дејност (за правно лице):____________

Контакт телефон и е-адреса:_____________________________________________

Го молам горенаведениот наслов да ми издаде лиценца за извршување на стручни работи на шуми во приватна сопственост _за правно лице/за физичко лице_ **_(да се наведе соодветно со заокружување)_** .

Во прилог на барањето ги доставувам потребните документи **_(да се наведе соодветно со заокружување)_**:

**А) за правно лице**

- документ дека е регистрирано во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството;
- податоци за минималниот број на вработени со лиценца (*образец М1/М2*);
- документ за поседување на опрема потребна за изведување на стручни работи од областа за која се бара лиценцата и
- потврда за платен надоместок за барање на лиценца.

**Б) за физичко лице**

- потврда за работно искуство во областа на стопанисување со шумите (оригинал),
- копија од лична карта
- уверение за државјанство (оригинал)
- уверение за завршено соодветно образование (копија заверена на нотар) и
- потврда за платен надоместок за барањето за лиценца.

Согласно член 97 став (5) од Законот за шумите, за да можам самостојно да ја вршам оваа дејност доставувам:

ПРИЛОГ 2

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 97-б став (1) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13 и 79/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство издава

## ЛИЦЕНЦА

## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ НА ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

**на**

____________________________________________

**(назив на правното лице/име и презиме на физичко лице)**

____________________________________________

**(седиште и ЕМБ на правното лице/адреса и ЕМБГ на физичко лице)**

**Број__________**

**Министер за земјоделство,**

**шумарство и водостопанство**

**(ден, месец, година на издавање)**

ПРИЛОГ 3

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# РЕГИСТАР НА ЛИЦЕНЦИ

# ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ВО ШУМАРСТВОТО

Датум, ____________20___ година

| Реден бр. | Назив и седиште на правното лице или име и презиме на физичкото лице | ЕМБ | Број и дата на барањето за издавање на лиценца | Број и дата на издавање на лиценца | Дата на подигање на лиценцата | Број на шумски жиг | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ознака | жигосување | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ,

______________________________

(цело име и презиме)

______________________________

(потпис)